„Аллах не му прави неправда на верникот за неговото добро дело; го наградува на овој свет и ќе го награди и на идниот свет

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллах не му прави неправда на верникот за неговото добро дело; го наградува на овој свет и ќе го награди и на идниот свет. Што се однесува на неверникот, тој ќе биде награден за добрите дела што ги направил за Аллах на овој свет, но кога ќе дојде на идниот свет, нема да има добро дело за кое ќе биде награден.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја објаснува Аллаховата огромна сомилост кон верниците и Неговата праведност кон неверниците. Што се однесува на верникот, наградата за неговото добро дело не се намалува; тој ја добива награда за тоа уште на овој свет и ќе биде награден и на идниот свет. Понекогаш целата награда за одредени дела му се чува само за идниот свет. Што се однесува на неверникот, Аллах му дава награда за добрите дела што ги направил на овој свет, но кога ќе дојде на идниот свет, нема да има добро дело за кое ќе биде награден, бидејќи доброто дело што користи на двата света мора да биде направено од верник.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65015